

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

Високодостојникот на Римокатоличката црква кардиналот Паул Пупар со одбрани зборови се осврна и на екуменското значение наизложбата, завршувајќи го своето обраќање до приступтните со следнивезборови:

- Ова изложба е, исто така, еден културен чин на зближување на народите и државите, како и на луѓето со различни идеолошки хоризонти. Во името на Понтификалниот совет за култура, а една од неговите задачи е плодниот дијалог меѓу културите, јас ја изразувам сета моја радост за оваа уметничка манифестација со убеденоста дека таа ќе создаде едно проширување на културните хоризонти и исклучително збогатување, човечко и духовно за сите што учествуваат во неа. На сите творци на оваа исклучителна изложба им се упатени мојата жива благодарност и длабока восхит.

На крајот од оваа прекрасна свеченост, од тоа инаугурирање на македонските икони во ризницата на светското уметничко богатство во средина и место каде што тој чин добива највисок легитимитет, зборуваше директорот на Дирекцијата на Ватиканските музеи, проф. Карло Пјетранџели.

На Денот на свети Кирил и Методиј, 24 мај, главните свечености се одржаа во базиликата *„Свети Климент"* во Рим пред гробот на свети Кирил. Притоа, митрополитот австралиски г. Тимотеј одржа молебен на којшто учестуваа хорот на просветните работници *„Свети Кирил и Методиј"* од Скопје со диригентот Тоде Радевски и октетот „

*Русикум",*
од Рим, а во присуство на југословенските амбасадори при Светата столица и при Република Италија - Штефан Цигој и Анте Скатерлетко, и културната делегација на чело со академик Матеја Матевски. Пред одржувањето на молебенот беа положени венци во името на културната делегација и на амбасадорите.

*„Денес на молебенот во катедралата „Сан Клементе" присуствуваше и мноштво народ кој веќе беше во катедралата и со внимание го следеше оддавањето почит и благодарност кон солунските браќа свети Климент и свети Методиј, што претставува континуирано оддавање благодарност на свети Кирил и свети Методиј во прославувањето на нивните светителски ликови"* - истакна митрополитот Тимотеј во својата беседа над Кириловиот гроб, додавајќи дека ова, истовремено, е и *„наша голема и трајна благодарност на свети Климент Охридски, зошто се што го красеше свети Климент научи од своите учители".*

Натаму, митрополитот Тимотеј нагласи: *„Во овој скромен вид на манифестирање на нашата благодарност како кон свети Кирил, така и кон свети Климент Охридски, ние како самостојна црква и како народ конституиран во македонска држава, во братска заедница на рамноправни народи и народности, Социјалистичка Југославија, уште повеќе ја чувствуваме потребата од оживување на делото на светите браќа, како и на свети Климент Охридски".*

Во текот на еднонеделниот престој делегацијата на Македонската православна црква имаше разговори во Секретаријатот за единство на христијанските цркви и во Ориенталниот институт, а ја посети и Марјанската академија.

Со целовечерниот концерт на хорот на просветните работници „*Кирил и Методиј"* од Скопје, што се одржа во црквата
*„Сан Ангело",*
заврши програмскито дел на манифестацијата
*„Во чест на свети Кирил",*
која сепак останува да трае со изложбата на икони од Македонија од IX до XVII век што во присуство на голем број културни и политички работници на Ватикан и Рим беше отворена во просториите на Ватиканските музеи, која остана таму до 29 јуни.

Во текот на манифестацијата, државната делегација имаше срдечна средба и отворени

разговори со министерот за надворешни работи на Ватикан г. Силвестрини. Притоа, од страна на шефот на делегацијата академик Матеја Матевски беше изразена благодарност за прифаќањето на изложбата на иконите и беа подвлечени добрите меѓусебни односи на Југославија и Ватикан.

На планот на односите со СР Македонија, беше изразена желбата да ѝ се излезе во пресрет на Македонската православна црква да добие дел од моштите на свети Кирил за осветување на Македонската соборна црква. Тоа не е само религиозен однос и црковен чин, туку и израз на пиететот што го има македонскиот народ кон основоположниците на словенската и македонската писменост и култура.

Кардиналот Силвестрини изрази задоволство од средбата и благодарност за приредувањето на изложбата, при што подвлече дека Ватиканските музеи не примиле досега изложба од ниедна земја и дека овој „преседан" е направен од највисоко место во Ватикан (т.е. папата) поради нивната голема вредност, а и со оглед на традиционалното чествување на свети Кирил во Рим.

***Теракотна икона од Виница***

Во сличен дух и атмосфера дојде до средба и разговори со кардиналот П. Пупар, министер на културата и П. Пјетранџели, директор на Ватиканските музеи, на ручекот приреден од амбасадорот на Југославија при Светата столица, Ш. Цигој за високи ватикански функционери и двете делегации, при што содржината на разговорите беше идентична со онаа при средбите со папата и г. Силвестрини.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**